Назив на СЗ	**Оператор за регулирање и безбедност на патниот сообраќај**
Код на СЗ	1011.40.02
Сектор	СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ
Ниво на сложеност на работни задачи	IV (четврто)
Опис на занимањето	Оператор за регулирање и безбедност на патниот сообраќај извршува работни активности поврзани со анализа на сообраќајната инфраструктура, возилата и возачите од аспект на безбедноста на сообраќајот. Постапува согласно позитивните законски и подзаконски прописи посебно од аспект на: хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и опрема, светлосна сообраќајна сигнализација, стандарди и нормативи за планирање на сообраќајните површини, правила во сообраќајот, одговорност на возачите и другите учесници во сообраќајот. За планирање и креирање безбеден сообраќај дефиниран согласно законските прописи потребно е да ги следи и анализира сообраќајните текови. Во рамките на овие работни задачи Оператор за регулирање и безбедност на патниот сообраќај организира снимање на сообраќајните текови користејќи соодветни методи. Врши техничка обработка на снимените податоци и изготвува графичка сообраќајна слика. Ги уредува техничките карактеристики на крстосниците и другите сообраќајни површини. Утврдува режим на сообраќај врз основа на соодветна метода и се грижи за активната и пасивната безбедност во сообраќајот. Обезбедува и осигурува безбедни услови за работа. Работи самостојно на извршување на работните задачи, поседува стручни вештини, деловна култура и има способност за тимска работа.

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
1.	Планирање и организирање работни активности	Планира и организира сопствени работни активности	1. Ја опишува организацијата на работа на секторот за регулирање и безбедност на патниот сообраќај; 2. Користи компјутерска технологија и софтверски програми за реализација на работните задачи; 3. Подготвува работна документација; 4. Организира сопствени дневни активности; 5. Следи новитети од областа на сообраќајот (законски и подзаконски акти,стручна литература и др.); 6. Координира свои активности со активностите на соработниците.
2.	Подготовка за работа	Подготвува место за работна изведба	1. Применува кодекс на облекување; 2. Утврдува исправност на техничките и комуникациските уреди;

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			3. Ја проверува остварената комуникација преку е-пошта и социјални мрежи; 4. Подготвува оперативен план на дневни активности; 5. Применува норми и прописи за безбедноста и регулацијата на сообраќајот.
3.	Оперативни активности	Прима информации за сообраќајните токови и безбедното одвивање на сообраќајот	1. Идентификува законски упатства за понатамошно постапување; 2. Детално ги објаснува конкретните сообраќајни ситуации на крстосница или на дел од патот; 3. Информира за преземени мерки и активности за проточноста на сообраќајот и потребата од измена на режимот на одвивање на сообраќајот; 4. Изготвува барања за интервенција во измена на сообраќајната сигнализација или поправка на коловозната површина.
		Планира и креира работни групи за интервенција (решавање на конкретна сообраќајна ситуација)	1. Ја објаснува постапката за креирање потребна сообраќајна сигнализација за конкретна интервенција; 2. Изготвува план и креира работна група; 3. Подготвува техничка опрема за интервенција; 4. Ги координира активностите на работната група и другите надлежни субјекти.
		Планира регулирање на сообраќајните површини согласно дефинираните стандарди и нормативи	1. Идентификува постапка за регулирање на конкретни сообраќајни површини; 2. Применува стандарди и нормативи дефинарани во законските и подзаконските прописи; 3. Разликува сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајот; 4. Идентификува и обезбедува логистика од надлежните органи при изведба на сообраќајна интервенција; 5. Разликува начини, обем и постапка на поставување на конкретна (дефинирана) сообраќајна сигнализација.
		Регулира сообраќај	1. Ги познава правилата на

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
		согласно сообраќајни правила	сообраќајот дефинирани во законската регулатива и меѓународните конвенции; 2. Презентира конкретни правила за сите основни дејствија со возилото во сообраќајот; 3. Разликува начини на регулирање на сообраќајот (правило од десна страна, со сообраќајни знаци, со светлосни сообраќајни знаци и физичко регулирање); 4. Дава пример за првенство на минување на различни приоритетни возила согласно законската регулатива; 5. Опишува постапка за регулирање на сообраќајот на пешаци, велосипедисти и други учесници во сообраќајот.
		Анализира улога на возач како фактор за безбедност во сообраќајот	1. Набројува основни прописи за возачите на возилата на моторен погон; 2. Детално го опишува правото на управување со различни категории на моторни возила; 3. Презентира детален опис на местото на настанот; 4. Набројува услови за полагање возачки испит за сите категории на возила; 5. Применува услови за управување со соодветна категорија на возила (возачка дозвола); 6. Детално опишува законски одредби за дозволено присуство на алкохол кај возачите при управување со возило; 7. Презентира негативни влијанија на присуство на алкохол во организмот за време на управување со возилото; 8. Води евиденција и укажува за законски пропишаното време на управување со одредена категорија на возило.
		Спроведува снимање на сообраќајот	1. Набројува основни методи за снимање на сообраќајот; 2. Подготвува работен материјал за евидентирање на снимениот материјал; 3. Подготвува и дава упатства на работните групи за снимање на

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			сообраќајот; 4. Изготвува анализа на снимениот материјал за планираниот опфат; 5. Презентира графички и нумерички податоци од снимениот материјал.
		Анализира крстосница врз основа на технички карактеристики на крстосница	1. Набројува основни критериуми кои се земаат во предвид за видот на крстосницата; 2. Разликува видови на крстосници (површински, денивелирани и др.) и посебни облици на крстосници; 3. Применува постапки за целосно канализирање на сообраќајот на крстосница; 4. Проценува и вреднува можности за помал број на конфликтни точки во зоната на крстосница; 5. Обезбедува поголемо видно поле на крстосницата; 6. Проценува и вреднува услови на проширување на приодите кон крстосницата; 7. Дефинира зони пред крстосница;
		Регулира режим на сообраќај на крстосница	1. Евидентира потреба од дефинирање на режим на сообраќај на одредена крстосница; 2. Набројува технички карактеристики на светлосни уреди и опрема за регулирање на сообраќајот; 3. Поставува светлосна сигнализација на крстосница и други сообраќајни површини; 4. Применува критериуми за поставување на светлосна сигнализација и опрема; 5. Објаснува начини и системи за работа на светлосно сигнални уреди; 6. Применува методи и постапки за управување и контрола на сообраќајните токови.
		Обезбедува активна и пасивна безбедност (возач, возило и пат)	1. Набројува основни технички параметри за активна и пасивна безбедност (возач, возило, и пат); 2. Презентира фактори кои влијаат на активната и пасивната безбедност; 3. Детално ги опишува техничките карактеристики на одредени технички решенија од аспект на активната и пасивната безбедност; 4. Применува технички решенија за

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			активната и пасивната безбедност.
4.	Комерцијални активности	Подготвува налози за набавка и распределба на технички средства и материјали	1. Препознава основни правила за подготвување на интерна нарачка; 2. Распределува материјали од нарачка; 3. Дистрибуира технички материјал на работните групи; 4. Рангира технички средства и опрема за различни сообраќајни ситуации.
5.	Адиминистративни активности	Подготвува и води работна документација	1. Изготвува дневни, месечни, квартални, полугодишни и годишни извештаи за регулирање и безбедност на сообраќајот; 2. Подготвува извештај за сообраќајно регулирање на сообраќајот на конкретни сообраќајни површини; 3. Подготвува табеларни документи за снимање на сообраќајот; 4. Подготвува работни извештаи и прегледи.
6.	Активности за обезбедување квалитет	Контролира на квалитет, во согласност со стандардите и нормативите во работењето	1. Применува нормативи и стандарди во работењето од областа на сообраќајот; 2. Интегрира деловна соработка со надлежни институции; 3. Почитува рокови за интервенција во делот на безбедноста и регулирањето на сообраќајот; 4. Почитува кодекс и етика во работењето; 5. Чува деловни тајни и лични податоци; 6. Проценува и вреднува сопствени постигнувања и по потреба презема корективни мерки.
7.	Одржување и поправање опрема	Евидентира исправност на средствата за работа	1. Евидентира исправност на информатичко -комуникациската опрема; 2. Следи исправност и потреба од сервисирање на превозните средства од возниот парк; 3. Воочува опасности кои би настанале од негрижа кон материјално техничките средства и опрема.
8.	Комуникација	Комуницира со соработници, учесници во сообраќајот и други надлежни	1. Разликува вербална од невербална комуникација; 2. Користи различни средства за комуникација; 3. Комуницира со учесници во

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
		институции	сообраќајот и деловни соработници; 4. Применува култура на говор и однесување; 5. Одржува комуникација со учесници во сообраќајот и соработници од други надлежни институции.
9.	Здравје, безбедност и заштита на работата и животната средина	Заштитува работна средина и применува принципи на одржлив развој	1. Набројува прописи од подрачјето на работната регулатива; 2. Применува заштитни мерки и средства при работа; 3. Користи предвидени правила и прописи за заштита при работа; 4. Применува принципи на одржлив развој.

Знаење за занимањето / Вештини за занимањето

Знаење за занимањето:

- Анализира организација на работа на секторот за регулирање и безбедност на патниот сообраќај;
- Подготвува работна документација;
- Следи законски и подзаконски акти и стручна литература и идентификува новитети;
- Идентификува норми и прописи за безбедност и регулација на патниот сообраќај;
- Анализира конкретна сообраќајна ситуација на крстосница или на дел од пат;
- Идентификува потреба од промена на режимот на одвивање на сообраќајот;
- Објаснува постапка за креирање на потребна сообраќајна сигнализација за конкретна интервенција;
- Планира регулирање на сообраќајни површини, согласно дефинираните стандарди и нормативи:
  - Објаснува постапка за регулирање на конкретни сообраќајни површини;
  - Анализира стандарди и нормативи дефинирани со законски и подзаконски акти;
  - Разликува сообраќајна сигнализација;
  - Планира логистика од надлежни органи;
  - Разликува начин, обем и постапка на поставување на дефинирана сообраќајна сигнализација;
- Анализира правила во сообраќајот:
  - Опишува правила на сообраќајот дефинирани во законска регулатива и меѓународни конвенции;
  - Презентура конкретни правила за сите основни дејствија со возилото во сообраќајот;
  - Разликува начини нарегулирање на сообраќајот на крстосница;
  - Идентификува првенство на минување на приоритетни возила;
  - Објаснува постапка за регулирање на сообраќајот на пешаци, велосипедисти и други учесници;
- Ја анализира улогата на возачот како фактор за безбедност во сообраќајо:
  - Објаснува основни прописи за возачите на возилата на моторен погон;
  - Детално го опишува правото на управување со моторни возила;
  - Набројува услови за полагање возачки испит;
  - Идентификува услови за управување со соодветна категорија на возила;
  - Детално опишува законски одредби за дозволено присуство на алкохол кај

возачите, при управување со моторно возило;
  - Презентира негативни влијанија на алкохол во организмот за време на управување со моторно возило;
  - Опишува евиденција за законски пропишаното време на управување со моторно возило, за секоја категорија на возила;
- Анализира крстосница врз основа на технички карактеристики:
  - Разликува видови крстосници;
  - Идентификува конфликтни точки во зоната на крстосницата;
  - Дефинира поделба на зони пред крстосницата;
- Идентификува активна и пасивна безбедност преку основните фактори возач, пат и возило.

Вештини за занимањето:

- Користи компјутерска технологија, електронска пошта, социјални мрежи и софтверски програми;
- Организира сопствени активности и подготвува оперативен план за дневни активности;
- Координира сопствени активности со активностите на соработниците;
- Применува кодекс на облекување;
- Утврдува исправност на техничките и комуникациските уреди;
- Применува норми и прописи за безбодста и регулација на сообраќајот;
- Презема мерки и активности за проточноста на сообраќајот;
- Изготвува барање за интервенција во измена на сообраќајната сигнализација и поправка на коловозна површина;
- Составува работни групи за интервенција – решавање на конкретна сообраќајна ситуација;
- Обезбедува логистика од надлежни органи при изведба на сообраќајна интервенција;
- Спроведува снимање на сообраќајот:
  - Прави разлика помеѓу основни методи за снимање на сообраќајот;
  - Подготвува работен материјал:
  - Составува работни групи и дава упатства за снимање на сообраќајот;
  - Изготвува анализа на снимениот материјал;
  - Презентира графички и нумерички податоци од снимениот материјал;
- Регулира сообраќај на крстосница:
  - Применува постапки за целосно канализирање на сообраќајот на крстосница;
  - Проценува и вреднува можности за помал број на конфликтни точки во зоната на крстосницата;
  - Обезбедува поголемо видно поле на крстосницата;
  - Проценува и вреднува услови на проширување на приодите кон крстосницата;
- Регулира режим на сообраќај на крстосница:
  - Идентификува потреба за дефинирање на режим на сообраќај на крстосница;
  - Поставува светлосна сигнализација на крстосница и други сообраќајни површини со примена на критериуми;
  - Применува методи и постапки за управување и контрола на сообраќајните текови;
- Подготвува налози за набавка и распределба на технички средства и материјали;
- Подготвува и води работна документација (извештаи за регулирање и безбедност на патниот сообраќај);
- Применува нормативи и стандарди во работењето со цел обезбедување квалитет;
- Евидентира исправност на средствата за работа;
- Комуницира на соодветен начин со соработниците и претпоставените;
- Применува прописи и правила за заштита на животна и работна средина.

Клучни компетенции	**Комуникација на мајчин јазик**: способен е да споделува и толкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови во усна и во писмена форма, и да остварува јазична интеракција со соработниците, учесниците во сообраќајот, други надлежни институции и колегите на соодветен и креативен начин во различни општествени и културолошки контекст. Способен е да користи различни видови текстови кои се однесуваат на регулирањето и безбедноста на сообраќајот, и да ги формулира и изразува сопствените усни и писмени аргументи на убедлив начин соодветен на контекстот. **Комуникација на странски јазици**: кога постои потреба од користење на странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да разбере, искажува, толкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови и во усна и во писмена форма. Способен е да го користи странскиот јазик со цел да го следи напредокот во професијата и да го надградува сопственото знаење и вештини во сферата на сообраќајот. **Математички компетенции и основни компетенции по природни науки и технологија**: применува нумеричко размислување и знаење во објаснување и решавање на низа задачи за време на секојдневната работа со опремата и администрацијата. Користи и работи со техничко - технолошки алатки како и податоци за извршување на задачите. Врши собирање на податоци потребни за самоунапредување во полето на сообраќајот. **Дигитална компетенција**: користи основна информатичка технологија со цел правилно користење на техничките и комуникациските уреди, електронска пошта и социјални мрежи. Пребарува, собира и обработува дигитални информации и ги користи на критички и систематски начин. Користи алатки за подготовка, презентирање и разбирање на комплексни информации во изведувањето на дејноста. **Учење како се учи**: способен е да пристапи, стекне, обработи и усвои нови знаења и вештини за цели на личен напредок, како и да ги примени истите за унапредување на струката. Способен е да управува со сопственото учење, кариера и работни рутини. Истраен е во автономното учење но и во учењето за време на работата со соработниците во полето сообраќајот. **Социјални/општествени и граѓански компетенции**: во секојдневното опкружување, способен е да манифестира лични, интерперсонални и интеркултурни компетенции за конструктивна комуникација со луѓе од различни профили, покажува толерантност, изразува и разбира различни гледишта, и создава доверба. **Чувство за иницијатива и претприемништво:**

	покажува иницијатива за реализирање на важните идеи и нивно спроведување во дела со цел да се подобрат состојбите. Способен е да ги препознае можностите и да иницира подобрување на состојбите во различни ситуации. Придонесува кон развојот на култура која ги поддржува иницијативите и иновациите и ги препознава различните вештини на сите во рамките на службата. **Културолошка свест и изразување**: го препознава и го цени креативниот израз на идеи, искуства и емоции и соодветно ги поврзува со самоподобрувањето. Ги приближува сопствените креативни и експресивни ставови со размислувањата на другите членови во тимот, на нивните семејства и другите колеги, и ги изразува на соодветен начин на кој ќе ја подобри нивната добросостојба.

Посебни услови	**Работна средина:** Работата се одвива во затворена просторија, по потреба на отворен простор на терен, во одредени ситуации. **Работни услови:** При работата претежно е во седечка положба, па затоа движењата му се ограничени. Изложен е на психичко оптоварување – непрекинато следење на текот на сообраќајот, носење на брзи и ефикасни одлуки.

Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди	• Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата; • Закон за возила; • Закон за јавни патишта; • Закон за превоз во патниот сообраќај; • Закон за безбедност и здравје при работа; • Правилник за стандарди и нормативи на урбанистичко планирање; • Закон за заштита на животната средина; • Закон за работни односи; • Закон за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај;

Донесен од:	Министерство за труд и социјална политика

Датум на одобрување	Решение бр.08-8964/33 Од 15.12.2017 година	**Датум на ревизија**	